**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП бр: 09-9/2
Скопје: 07.02.2018

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Чедомир Краљевски - претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку - членови, врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), постапувајќи во постапка поведена по службена должност против Прилепска Пиварница АД Прилеп, со седиште на ул. „Цане Кузманоски" бр. 1, 7500 Прилеп, Република Македонија, застапувано од полномошник адвокат Александра Гавриловска од Скопје, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 07.02.2018 година, го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Прилепска Пиварница АД Прилеп, со седиште на ул. „Цане Кузманоски" бр. 1, 7500 Прилеп, Република Македонија, со ЕМБС xxx[1], ЕДБ xxx, жиро сметка бр. xxx и овластено лице xxx, застапувано од полномошник адвокат Александра Гавриловска од Скопје, од 13.11.2010 година, го условувала склучувањето на договорите за деловна соработка со овластените дистрибутери за производите на Прилепска Пиварница АД Прилеп и тоа: xxx, на територијата на Република Македонија, со прифаќање од истите на дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во договорите за деловна соработка наметнувал одредби и тоа:

   - во член 5 став 1 „Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи",
   - во член 7 точка 1 „овластениот дистрибутер е должен да се придржува на цените на производите од ценовниците" и
   - во член 9 „непридржувањето на одредбите од член 7 претставува повреда на одредбите од Договорот со што се овозможува раскинување на договорот од страна на Пиварницата без давање на отказен рок", <u>кои одредби се применувале до 30.09.2016 година</u> и

[1] Податоците се службена тајна

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- во член 2 „овластениот дистрибутер не смее да продава производи што се конкурентни на производниот асортиман на Прилепска Пиварница АД Прилеп како и производи од целокупната програма која е предмет на дистрибуција од страна на Прилепска Пиварница АД Прилеп", која одредба се применувала до 22.05.2017 година

што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Прилепска Пиварница АД Прилеп, му се изрекува **санкција - глоба во износ** 4.297.995 **денари**, што претставува ххх % од вредноста на вкупниот годишен приход на Прилепска Пиварница АД Прилеп остварен во 2016 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх207337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 14.12.2015 година, Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата до КОП достави известување бр. 07-294/1 од 14.12.2015 година, со која ја информираше КОП дека согласно законските надлежности со заклучок бр. 07-126/1 од 01.04.2011 година прибрани се податоци за потребите на истражување и утврдување на состојбите во производството и продажбата на пиво и газирани и негазирани безалкохолни пијалаци во Република Македонија од повеќе претпријатија во Република Македонија меѓу кои и од Прилепска Пиварница АД Прилеп.

Прилепска Пиварница АД Прилеп со допис бр. 07-126/8 од 05.05.2011 година доставила дел од бараните податоци до Комисијата за заштита на

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

конкуренцијата и тоа: асортиман на производи, количина на продадени производи, вкупно остварени приходи од продажбата на производите, детално објаснување на начинот на дистрибуција на производите и копии од склучени договори со Тинекс, Веро и Скопски пазар.

Дополнително, со допис бр. 07-126/13 од 07.09.2011 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп доставила податоци за количини на продадени производи (одделно за секој производ), а со допис бр. 07-129/1 од 20.03.2012 година доставила и бланко договор кој Прилепска Пиварница АД Прилеп го има склучено со нејзините овластени дистрибутери.

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок бр. 07-129/2 од 16.07.2012 година побарала дополнителни податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп односно копија од сите договори со анекси кои Прилепска Пиварница АД Прилеп ги склучила со овластени дистрибутери во Република Македонија од 2005 година до денот на прием на заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата и информација од кога (точен датум) ги употребува типизираните договори за деловна соработка со овластените дистрибутери.

Прилепска Пиварница АД Прилеп со допис бр. 07-129/5 од 03.09.2012 година достави копии од склучени договори за деловна соработка со 6 (шест) овластени дистрибутери во Република Македонија и тоа: ххх.

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок бр. 07-90/1 од 06.03.2014 година побарала податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп односно копија од сите договори (за деловна соработка) со анекси кои Прилепска Пивара АД Прилеп ги склучила со овластени дистрибутери во Република Македонија од 2012 до денот на приемот на заклучокот, како и периодот на важност на истите; копија од сите лиценцни договори (ексклузивни договори за производство и продажба) кои Прилепска Пивара АД Прилеп ги има склучено како и периодот на важност на истите; копија од сите договори (за деловна соработка – продажба) со анекси кои Прилепска Пивара АД Прилеп ги склучила со продажни објекти (маркети, супермаркети) во Република Македонија од 2012 до денот на приемот на заклучокот, како и периодот на важност на истите и извод од Централен регистар за тековна состојба за Прилепска Пиварница АД Прилеп.

Прилепска Пиварница АД Прилеп со допис бр. 07-90/2 од 25.03.2014 година ги доставила бараните податоци.

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок бр. 07-90/3 од 24.04.2014 година побарала дополнителни податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп односно заверен превод на македонски јазик од договорот со ххх, договорот со ххх и договорот со ххх со заверен превод на македонски јазик.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Прилепска Пиварница АД Прилеп со допис бр. 07-90/4 од 20.05.2014 година ги доставила бараните податоци.

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок бр. 07-90/5 од 29.07.2014 година побарала дополнителни податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп односно копија од оригиналниот договор склучен со ххх.

Прилепска Пиварница АД Прилеп со допис бр. 07-90/6 од 05.08.2014 година ги доставила бараните податоци.

По извршената анализа на доставените податоци е утврдено дека Прилепска Пиварница АД Прилеп како претпријатие кое врши производство и продажба на пиво, газирани и негазирани безалкохолни пијалаци на територијата на Република Македонија, склучувало типски договори за деловна соработка со овластени дистрибутери за асортиманот на Прилепска Пиварница АД Прилеп, кои содржат одредба од член 5 став 1 "Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи". Дополнително, во член 7 точка 1 од договорите стои дека овластениот дистрибутер е должен да се придржува на цените на производите од ценовниците а во член 9 стои дека непридржувањето на одредбите од член 7 претставува повреда на одредбите од Договорот со што се овозможува раскинување на договорот од страна на Пиварницата без давање на отказен рок. Понатаму, од прибраните договори јасно произлегува дека Прилепска Пиварница АД Прилеп склучила договори за деловна соработка со овластени дистрибутери за асортиманот на Прилепска Пиварница АД Прилеп на територијата на Република Македонија, кои договори содржат одредби кои го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, што претставува евентуален прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5 од Законот за заштита на конкуренцијата, заради што Генералниот секретар ги достави списите од предметот до КОП со цел доколку утврди дека се исполнети законските услови да поведе прекршочна постапка по службена должност против Прилепска Пиварница АД Прилеп, со седиште на ул. Цане Кузманоски бр. 1, Прилеп, заради утврдување на евентуален прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Врз основа на доставеното известување и приложените докази кон истото, КОП како орган кој води прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и изрекува прекршочна санкција за прекршоците определени со Законот за заштита на конкуренцијата, со заклучок ПП. бр. 09-35/2 од

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

18.12.2015 година поведе прекршочна постапка по службена должност против Прилепска Пиварница АД Прилеп, со седиште на ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, 7500 Прилеп, Република Македонија, заради тоа што како претпријатие кое врши производство и продажба на пиво, газирани и негазирани безалкохолни пијалаци на територијата на Република Македонија го условувал склучувањето на договорите за деловна соработка со овластени дистрибутери за асортиманот на Прилепска Пиварница АД Прилеп на територијата на Република Македонија, со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во договорите за деловна соработка наметнувал одредба “Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи” што претставува евентуален прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата.

КОП со заклучокот, ја задолжил Прилепска Пиварница АД Прилеп да ги достави следните податоци: извод од Централен регистар за тековна состојба на Прилепска Пиварница АД Прилеп, податоци за ЕМБС, ЕДБС, овластено лице и жиро-сметка; биланс на успех на Прилепска Пиварница АД Прилеп за 2010, 2011, 2012, 2013 година и 2014 година.

Со допис бр. 09-1/1 од 08.01.2016 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп побарала продолжување на рокот за доставување на податоци.

Со допис бр. 09-1/2 од 11.01.2016 година КОП го продолжила рокот за доставување на бараните податоци.

Со допис бр. 09-1/3 од 26.01.2016 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп ги доставила бараните податоци.

КОП со заклучок бр. 09-1/4 од 22.04.2016 година побарала дополнителни податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп и тоа: објаснување на одредбата од член 5 од Договорите за деловна соработка кои се склучуваат со овластените дистрибутери: “Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи” и проценка на пазарното учество на Прилепска Пиварница АД Прилеп на пазарот на продажба на пиво, пазарот на продажба на газирани (безалкохолни) пијалоци и пазарот на продажба на леден чај за 2013, 2014 и 2015 година.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со допис бр. 09-1/5 од 16.05.2016 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп ги доставила бараните податоци.

Со допис бр. 09-1/6 од 16.05.2016 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп доставила дополнување на доставени податоци.

Дополнително, КОП со заклучок 09-1/7 од 12.08.2016 година побарала од Прилепска Пиварница АД Прилеп да ги достави следните податоци и тоа: кои се овластени дистрибутери на Прилепска Пиварница АД Прилеп и копија од сите Договори за деловна соработка кои Прилепска Пиварница АД Прилеп ги склучува со овластените дистрибутери.

Со допис бр. 09-1/8 од 29.08.2016 година Прилепска Пиварница АД Прилеп побарала продолжување на рокот за доставување на податоци.

Со допис бр. 09-1/9 од 31.08.2016 година КОП го продолжила рокот за доставување на бараните податоци.

Со допис бр. 09-1/10 од 14.09.2016 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп ги доставила бараните податоци и истовремено доставила понуда за преземање на обврски по член 43 од ЗЗК.

Со допис бр. 09-1/11 од 06.10.2016 година КОП до Прилепска Пиварница АД Прилеп доставила заклучок со кој го информира дека обврската понудена од страна на Прилепска Пиварница АД Прилеп не се прифаќа.

КОП со заклучок бр. 09-1/12 од 19.10.2016 година побара дополнителни податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп и тоа: вкупни приходи без ДДВ за 2015 година остварени од продажба на производите предмет на купопродажба од договорите за деловна соработка склучени со овластените дистрибутери.

Со допис бр. 09-1/13 од 04.11.2016 година, Прилепска Пиварница АД Прилеп ги доставила бараните податоци.

Согласно член 42 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП со допис бр. 09-5/1 од 05.01.2017 година до Прилепска Пиварница АД Прилеп достави прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр. 09-7/1 од 25.01.2017 година Прилепска Пиварница АД Прилеп се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба и достави анекси кон договорите за деловна соработка со овластените дистрибутери од 30.09.2016 година со кои се изменети спорните одредби, склучени со ххх.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со допис бр. 09-7/2 од 17.02.2017 година Прилепска Пиварница АД Прилеп достави анекс кон договор за деловна соработка склучен на 30.09.2016 година со xxx.

Согласно член 42 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП со допис бр. 09-7/3 од 28.02.2017 година до Прилепска Пиварница АД Прилеп достави прелиминарно известување за дополнително утврдена фактичка состојба.

КОП со заклучок бр. 09-7/4 од 20.03.2017 година побара дополнителни податоци од Прилепска Пиварница АД Прилеп и тоа: биланс на успех за 2015 и 2016 година и вкупни приходи без ДДВ за 2016 година остварени од продажба на производите предмет на купопродажба од договорите за деловна соработка склучени со овластените дистрибутери.

Со допис бр. 09-7/5 од 28.03.2017 година Прилепска Пиварница АД Прилеп побара продолжување на рокот за доставување на податоци.

Со допис бр. 09-7/6 од 28.03.2017 година КОП го продолжила рокот за доставување на бараните податоци.

Со допис бр. 09-7/7 од 07.04.2017 година Прилепска Пиварница АД Прилеп ги достави бараните податоци.

КОП со допис бр. 09-7/8 од 13.04.2017 година до Прилепска Пиварница АД Прилеп достави конечно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр. 09-7/9 од 27.04.2017 година Прилепска Пиварница АД Прилеп преку полномошник адвокат Александра Гавриловска од Скопје, се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

На ден 22.05.2017 година КОП со Решение ПП бр.09-7/10 утврди дека Прилепска Пиварница АД Прилеп, со седиште на ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, 7500 Прилеп, Република Македонија, со ЕМБС xxx, ЕДБ xxx, жиро сметка бр. xxx и овластено лице xxx, застапувано од полномошник адвокат Александра Гавриловска од Скопје, во периодот од 13.11.2010 година до денот на донесување на ова решение, го условувала склучувањето на договорите за деловна соработка со овластените дистрибутери за производите на Прилепска Пиварница АД Прилеп и тоа:xxx на територијата на Република Македонија, со прифаќање од истите на дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во договорите за деловна соработка наметнувал одредби и тоа:

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- во член 2 „овластениот дистрибутер не смее да продава производи што се конкурентни на производниот асортиман на Прилепска Пиварница АД Прилеп како и производи од целокупната програма која е предмет на дистрибуција од страна на Прилепска Пиварница АД Прилеп“,
- во член 5 став 1 „Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи“,
- во член 7 точка 1 „овластениот дистрибутер е должен да се придржува на цените на производите од ценовниците“ и
- во член 9 „непридржувањето на одредбите од член 7 претставува повреда на одредбите од Договорот со што се овозможува раскинување на договорот од страна на Пиварницата без давање на отказен рок“,

што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што на сторителот Прилепска Пиварница АД Прилеп, му се изрекува **санкција - глоба во износ од <u>166.778.900,00 денари</u>**, што претставува ххх% од вредноста на вкупниот годишен приход на Прилепска Пиварница АД Прилеп остварен во 2016 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Незадоволни од ваквото решение Прилепска Пиварница АД Прилеп поднесе тужба за поведување на управен спор до Управниот суд на Република Македонија Упрк. бр. 2/2017 од 29.05.2017 година. КОП во предвидениот рок достави одговор на тужбата поднесена од Прилепска Пиварница АД Прилеп. Управниот суд на Република Македонија на ден 22.12.2017 година со пресуда Упрк.бр. 2/2017 (примена во КОП на 23.01.2018 година) тужбата на Прилепска Пиварница АД Прилеп ја уважи, а решението на КОП Решение ПП бр.09-7/10 од 22.05.2017 година го поништи.

Постапувајќи по напатствијата на Управниот суд на Република Македонија КОП во повторната постапка **<u>врз основа на податоците прибавени во текот на постапката</u>** а од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, ја утврди следната фактичка состојба:

Прилепска Пиварница АД Прилеп е претпријатие кое врши производство и дистрибуција на пиво, газирани и негазирани безалкохолни пијалаци, како и дистрибуција на минерална вода, вино, енергетски пијалоци и леден чај на територијата на Република Македонија.

Дистрибуцијата на производите ја врши на два начини: директно (директна дистрибуција) и индиректно (индиректна дистрибуција).

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Кај директната дистрибуција, Прилепска Пиварница АД Прилеп директно ги доставува (дистрибуира) своите производи до продажните објекти.

Кај индиректната дистрибуција, Прилепска Пиварница АД Прилеп склучува договори за деловна соработка со овластени дистрибутери, кои работат во свое име и за своја сметка. Вакви договори Прилепска Пиварница АД Прилеп има склучено со 14 компании – овластени дистрибутери и тоа со: ххх.

Во конкретниот случај, Прилепска Пиварница АД Прилеп делува на релевантниот пазар на производство и дистрибуција на пиво, пазар на производство и дистрибуција на газирани безалкохолни пијалоци, пазарот на производство и дистрибуција на негазирани безалкохолни пијалоци, пазар на дистрибуција на минерална вода, пазар на дистрибуција на вино, пазар на дистрибуција на енергетски пијалоци и пазар на дистрибуција на леден чај на територијата на Република Македонија, додека дистрибутерите делуваат на релевантниот пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на пиво, пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на газирани безалкохолни пијалоци, пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на негазирани безалкохолни пијалоци, пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на минерална вода, пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на вино, пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на енергетски пијалоци и пазар на големопродажба односно дистрибуција на големо на леден чај на територијата на Република Македонија. Дистрибутерите ги купуваат производите од Прилепска Пиварница АД Прилеп и потоа тие производи ги продаваат на малопродажните објекти.

Прилепска Пиварница АД Прилеп ги склучила следните договори за дистрибуција:

1. Договор со ххх, бр. 03-1056 од 04.12.2000 година, склучен на ден 04.12.2000 година,
2. Договор со ххх, бр. 03-1119 од 05.12.2001 година, склучен на ден 05.12.2001 година,
3. Договор со ххх, бр. 03-1057/1 од 20.11.2001 година, склучен на ден 20.11.2001 година,
4. Договор со ххх, бр. 03-818 од 03.09.2001 година, склучен на 03.09.2001 година,
5. Договор со ххх, бр. 03-14 од 08.01.2004 година, склучен на 08.01.2004 година,

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

6. Договор со xxx, бр. 03-18 од 12.01.2010 година, склучен на 11.01.2010 година,
7. Договор со xxx, бр. 03-19 од 12.01.2011 година, склучен на 10.01.2011 година,
8. Договор со xxx, бр. 03-831 од 24.07.2013 година, склучен на 05.10.2009 година,
9. Договор со xxx, бр. 13-1355 од 18.12.2012 година, склучен на 12.12.2012 година,
10. Договор со xxx, бр. 03-162 од 12.02.2014 година, склучен на 03.02.2014 година,
11. Договор со xxx, бр. 03-105 од 03.02.2014 година, склучен на 03.02.2014 година,
12. Договор со xxx, бр. 03-557/1 од 11.07.2016 година, склучен на 11.07.2016 година,
13. Договор со xxx, бр. 03-280/1 од 11.04.2016 година, склучен на 11.04.2016 година
14. Договор со xxx, бр. 03-603 од 28.05.2008 склучен на ден 29.05.2007 година и бр. 03-394/1 од 11.05.2016 година, склучен на 11.05.2016 година.
15. Договор со xxx, бр. 03-758 од 31.05.2007 година, склучен на 31.05.2007 година и
16. Договор со xxx, бр. 03-159 од 28.02.2011 година, склучен на 28.02.2011 година.

Врз основа на анализа на доставените копии од договорите за деловна соработка со овластените дистрибутери (индиректна дистрибуција), КОП утврди дека во наведените договори постојат одредби со кои се повредува Законот за заштита на конкуренцијата, односно постои одредба од член 5 став 1 која гласи „Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи“. Дополнително, во член 7 точка 1 од истиот договор стои дека овластениот дистрибутер е должен да се придржува на цените на производите од ценовниците а во член 9 стои „непридржувањето на одредбите од член 7 претставува повреда на одредбите од Договорот со што се овозможува раскинување на договорот од страна на Пиварницата без давање на отказен рок“.

КОП дополнително утврди дека во наведените договори постои одредба со која се повредува Законот за заштита на конкуренцијата, односно постои одредба од член 2 „овластениот дистрибутер не смее да продава производи што се конкурентни на производниот асортиман на Прилепска Пиварница АД

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Прилеп како и производи од целокупната програма која е предмет на дистрибуција од страна на Прилепска Пиварница АД Прилеп".
Времетраењето на договорите не е утврдено во договорите.

Согласно ЗЗК член 5 став (1) алинеа 14 „Вертикален договор е договор меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија или усогласено однесување меѓу овие лица кои дејствуваат на различни нивоа на производство односно дистрибуција на пазарот".

Согласно член 7 став (1) точка 5) од ЗЗК „забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот".

При примената на член 7 став (1) од ЗЗК се прави разлика помеѓу договори кои за своја цел имаат ограничување на конкуренцијата и договори кај кои ограничување на конкуренцијата се јавува како последица од договорот. Оттука, договорите и поединечните договорни одредби се забранети со член 7 став (1) од ЗЗК само ако имаат како своја цел или последица ограничување на конкуренцијата.

Разликувањето помеѓу ограничувања како цел и ограничувања како последица е важно.

Во моментот кога ќе се утврди дека еден договор има за своја цел ограничување на конкуренцијата, нема веќе потреба да се утврдуваат и конкретните ефекти (последици) на тој договор врз конкуренцијата. Со други зборови, при примената на член 7 став (1) од ЗЗК, кога договорот има како своја цел ограничување на конкуренцијата, не е потребно да се докажува постоење и на анти-конкурентски ефекти (последици).

Договори, одлуки и договорена практика кои **како цел имаат ограничување** на конкуренцијата се такви договори, одлуки и договорена практика кои по својата природа имаат потенцијал за ограничување на конкуренцијата. Ова се ограничувања кои имаат толку висок потенцијал за негативни ефекти врз конкуренцијата што, при примената на член 7 став (1) од ЗЗК, не е неопходно истовремено да се демонстрира и постоењето на негативни ефекти на пазарот.

Неисцрпни насоки за тоа што претставува ограничување според целта може да се најдат во Уредбите за групно изземање донесени согласно ЗЗК. Ограничувањата кои се на 'црната листа' во Уредбите за групно изземање,

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

односно се идентификуваат како тешки ограничувања, претставуваат ограничувања според цел.

Дополнително, член 3 став (1) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори (Службен Весник на РМ бр. 42/12) е јасно уредено дека вертикалните договори се изземени од примена на одредбите од членот 7 став (1) од ЗЗК доколку ги исполнуваат условите уредени со оваа уредба, а согласно член 7 став (3) и член 9 став (1) точка 2) од ЗЗК. Исто така, согласно член 5 став (1) алинеја а) од истата Уредба, групното изземање од член 3 од Уредбата нема да се применува за вертикални договори кои, директно или индиректно, сами или во комбинација со други фактори под контрола на договорните страни, имаат за цел ограничувањето на способноста на купувачот да одреди своја продажна цена, без влијание на можноста снабдувачот да наметне максимална продажна цена или да препорача продажна цена, под услов истата да не доведува до настанување на фиксна или минимална продажна цена како резултат на притисок или стимулации понудени од страна на било која од договорните страни. **Ова значи дека и покрај можноста на снабдувачот да наметне максимална продажна цена или да препорача продажна цена, истата не смее да доведува до настанување на фиксна или минимална продажна цена како резултат на притисок или стимулации понудени од страна на било која од договорните страни.**

Односно, групното изземање од член 3 од Уредбата нема да се применува за вертикални договори кои, имаат за цел ограничувањето на способноста на купувачот да одреди своја продажна цена, независно од пазарниот удел, бидејќи ова ограничување е ограничување кое не смее да се содржи во вертикалните договори, односно претставува т.н. тешко ограничување на конкуренцијата.

Имено, дека ваквото ограничување е тешко ограничување кое несмее да се содржи во договорите за дистрибуција, независно од пазарниот удел на снабдувачот и купувачот е јасно наведено во точка 10 од предговорот на Регулативата на Европската Комисија бр. 330/2010 од 20.04.2010 година, со која е усогласена Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори. Имено во наведената точка 10 од предговорот на Регулативата на Европската Комисија бр. 330/2010 од 20.04.2010 година јасно стои дека „Оваа регулатива не треба да ги исклучува вертикалните договори, коишто содржат ограничувања што можат да ја ограничат конкуренцијата и да им наштетат на потрошувачите или што не се потребни за постигнувањето на влијанија на подобрување на ефикасноста. Особено, вертикалните договори коишто содржат одредени видови на тешки ограничувања на конкуренцијата, како што се минималните и фиксните препродажни цени, како и одредени видови на територијална заштита, треба да се исклучат од користа на групното

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

изземање, утврдено со оваа регулатива, без оглед на пазарното учество на засегнатите претпријатија."

Дополнително, на 28.12.2015 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе Насоки за вертикални ограничувања (достапни на веб страната на КЗК: www.kzk.gov.mk). Во наведените Насоки во дел III тока 3 поблиску се објаснети ограничувањата кои не смеат да ги содржат вертикалните договори (строги ограничувања) согласно Уредбата, при што во пасусот 45 од истите е наведено дека „строгото ограничување утврдено во член 5 став (1) точка а) од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори се однесува на одржување на препродажни цени (ОПЦ), односно на договори или усогласено однесување кои имаат директна или индиректна цел воспоставување на фиксна или минимална препродажна цена или фиксно или минимално ниво на цените што треба да се почитува од страна на купувачот. Во случај на договорни одредби или на усогласено однесување кои директно ја утврдуваат препродажната цена, ограничувањето е јасно дефинирано".

Во конкретниот случај, Прилепска Пиварница АД Прилеп ја користи својата позиција на пазарот на кој делува и ја нарушува конкуренцијата на пазарот на големопродажба односно дистрибуција на големо на пиво, пазарот на големопродажба односно дистрибуција на големо на газирани безалкохолни пијалоци, пазарот на големопродажба односно дистрибуција на големо на негазирани безалкохолни пијалоци, пазарот на големопродажба односно дистрибуција на големо на минерална вода, пазарот на големопродажба односно дистрибуција на големо на вино, пазарот на големопродажба односно дистрибуција на големо на енергетски пијалоци и пазарот на големопродажба односно дистрибуција на леден чај на територијата на Република Македонија, со тоа што ја ограничува способноста на купувачот (дистрибутерот) да одреди своја продажна цена кон малопродажните објекти, односно кон своите купувачи.

Практично, Прилепска Пиварница АД Прилеп му наметнува на дистрибутерот по која цена тој да ги продава производите на своите крајни купувачи што значи дека дистрибутерот неможе самостојно да си ја одреди цената по која ќе ги препродава истите производи на пазарот, што во услови на пазарна економија значи ограничување на конкуренцијата. Ова доведува до тоа да нема конкуренција помеѓу дистрибутерите за цените, бидејќи ќе продаваат по исти однапред определени цени, а исто така и се оневозможува дистрибутерите кои работат поефикасно да ги намалат цените по кои ги продаваат предметните производи на своите купувачи, односно се оневозможени да понудат пониски цени и како резултат на тоа крајните потрошувачи може да плаќаат повисоки цени.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Од горенаведеното јасно произлегува дека спорните одредби претставуваат ограничувања кое не смеат да бидат содржани во вертикалните договори и истите претставуваат одредби кои имаат за цел нарушување на конкуренцијата.

**Договорите со наведените спорни одредби Прилепска Пиварница АД Прилеп ги склучувала континуирано од 2000 година до 30.09.2016 година. Оттука КОП утврди дека за овој прекршок повредата траела од 13.11.2010 година како ден кога Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на РМ" бр. 145/10) е влезен во сила, до 30.09.2016 година, како ден кога се склучени анекси кон договорите за дистрибуција со кои спорните одредби се изменети.**

Дополнително, во член 6 став 1 од Уредбата за групно изземање на одредени видови вертикални договори јасно уредува **кои обврски несмеат да ги содржат вертикалните договори,** односно вертикалните договори кои ги содржат тие обврски нема да бидат изземени, а особено „било која директна или индиректна обврска за неконкурирање која е временски неограничена, при што обврската за неконкурирање што е премолчно обновлива по период од пет години ќе се смета дека е склучена на неопределено време или било која директна или индиректна обврска за неконкурирање која надминува пет години, освен кога стоките или услугите предмет на договорот ги продава купувачот од деловни простории и земјиште во сопственост на снабдувачот или закупени од снабдувачот од трети лица кои не се поврзани со купувачот, доколку времетраењето на обврската за неконкурирање не го надминува периодот на користење на деловните простории и земјиштето од страна на купувачот". Ваква обврска е содржана во договорите за деловна соработка кои Прилепска Пиварница АД Прилеп ги склучува со овластените дистрибутери и тоа во член 2 „овластениот дистрибутер не смее да продава производи што се конкурентни на производниот асортиман на Прилепска Пиварница АД Прилеп како и производи од целокупната програма која е предмет на дистрибуција од страна на Прилепска Пиварница АД Прилеп". **Бидејќи договорите за деловна соработка немаат утврдено времетраење, ваквата обврска е временски неограничена и оттука, истата несмее да биде содржана во вертикалниот договор односно во договорот за деловна соработка и истата претставува одредба која има за цел нарушување на конкуренцијата.**

**Оттука, времетраењето на овој прекршокот КОП утврди дека е од 1**3.11.2010 **година како ден кога Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на РМ" бр. 145/10) е влезен во сила до 22.05.2017 година**.

Врз основа на сето горе наведено, КОП утврди дека Прилепска Пиварница АД Прилеп, од 13.11.2010 година, го условувала склучувањето на договорите за

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

деловна соработка со овластените дистрибутери за производите на Прилепска Пиварница АД Прилеп и тоа: ххх, на територијата на Република Македонија, со прифаќање од истите на дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот, на начин што во договорите за деловна соработка наметнувал одредби и тоа:

- во член 5 став 1 „Пиварницата го задржува правото да ја одредува својата фабричка цена што претставува набавна цена за овластениот дистрибутер, а исто така му ја одредува и големопродажната цена на овластениот дистрибутер према неговите купувачи“,
- во член 7 точка 1 „овластениот дистрибутер е должен да се придржува на цените на производите од ценовниците“ и
- во член 9 „непридржувањето на одредбите од член 7 претставува повреда на одредбите од Договорот со што се овозможува раскинување на договорот од страна на Пиварницата без давање на отказен рок“, кои одредби се применувале до 30.09.2016 година и

- во член 2 „овластениот дистрибутер не смее да продава производи што се конкурентни на производниот асортиман на Прилепска Пиварница АД Прилеп како и производи од целокупната програма која е предмет на дистрибуција од страна на Прилепска Пиварница АД Прилеп“, која одредба се применувала до 22.05.2017 година

што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.

Согласно член 64 став (1) од ЗЗК при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 64 став (1) од ЗЗК при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата, при што КОП ги имаше во предвид доставените докази дека не секогаш дистрибутерите се придржувале во практика кон договорената одредба без притоа да имаат било какви санкции од Прилепска

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Пиварница АД Прилеп, како и последиците предизвикани со прекршокот. Исто така, КОП го зема во предвид и фактот дека за време на постапката Прилепска Пиварница АД Прилеп ефективно соработуваше со КОП.

Согласно член 64 став (2) од ЗЗК КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно член 64 став (3) од ЗЗК основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која треба да се изрече на Прилепска Пиварница АД Прилеп, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои Прилепска Пиварница АД Прилеп ги остварила во 2016 година од продажба на производите предмет на купопродажба од договорите за деловна соработка склучени со овластените дистрибутери а кои изнесуваат ххх денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од ххх%, па оттука основниот износ на глобата изнесува ххх денари, прекршокот траел ххх години па оттука износот на глоба кој треба да му се изрече на Прилепска Пиварница АД Прилеп изнесува 4.297.995 денари.

Вкупно остварените приходи на Прилепска Пиварница АД Прилеп во 2016 година, како последна деловна година за која Прилепска Пиварница АД Прилеп има составена годишна сметка изнесуваат ххх денари.

Пресметаната глоба од 4.297.995 денари претставува ххх% од вредноста на вкупниот годишен приход на Прилепска Пиварница АД Прилеп остварен во 2016 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

**Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој ќе му се изрече на Прилепска Пиварница АД Прилеп за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 4.297.995 денари.**

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел** (02) **3298 666 Факс** (02) **3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**